‘\

Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 13.08. 2019 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден 19.08.2019 година ( понеделник) со почеток во 15:00 часот во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од триесет и шестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 25.07. 2019 година;

**Точка 1**
Предлог – Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за утврдување на работно време во ЈОУДГ “Рахилка Гонева” – Свети Николе за учебната 2019/2020 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за согласност на групи со поголем број на деца, односно помал број на деца во ЈОУДГ “Рахилка Гонева” – Свети Николе за учебната 2019/2020година;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежноземјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2019 година;

**Точка 5**
Годишен план за вработување за 2020 година на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;

**Точка 6**
Годишен план за вработување за 2020 на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе;

**Точка 7**
Годишен план за вработување за 2020 година на Општина Свети Николе;

**Точка 8**
Годишен план за вработување за 2020 година на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 9**
Предлог – Одлука за доделување помош за санирање штета врз објект;

**Точка 10**
Предлог – Одлука за поништување на Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2019 година бр.0801-531 од 25.07. 2017 година;

**Точка 11**
Измена и дополнување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2019 година;

**Точка 12**
Барање од Сектор за урбанизам за лицето Д.Д за КП бр.8898/2;

**Бр. 0801- 538**
**16.08. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**